# ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ ШТО НАУЧИВМЕ

Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Платежна картичка




Постојат кредитна и дебитна картичка, а тие картички се добиваат во банка.
Најчесто се поврзани со платата што ја примаат родителите. Картичките ги користиме кога сакаме да купиме нешто, а притоа немаме пари со нас. Сопствени картички ќе имате кога ќе наполните 18 години, а дотогаш ќе штедите.

## Банкомат

Тоа е автомат што овозможува услуга без присуство на човек.



За да повлечеме пари од нашата сметка во банка, потребна ни е платежна картичка.

## „Глобалната недела на пари“

GLOBAL MONEY WEEK

Child&Youth Finance International

Тоа е настан што се одбележува во целиот свет. Оваа година учествуваа околу два милиона деца од над 100 земји. Во Македонија, тимот на Народната банка на Република Македонија посети повеќе основни училишта.



## Злато



Учевме и за златото, како се користи, како се мери и која е неговата вредност - се мери во унци, а се изразува во американски долари. Од златото се изработуваат монети, различен накит, украси, но се користи и како резервно средство.



## Пригодни монети

Монетите што се изработуваат во злато, но и од други метали се нарекуваат комеморативни или пригодни ковани пари. Најчесто ги купуваат и собираат колекционери, а нивниот изглед може да биде најразличен: познати личности, споменици, институции, животни, хороскопски знаци, познати и важни историски настани и личности... И Народната банка на Република Македонија изработува такви пари.

## Девизи и валути



Девизите се платежни средства издадени во странска валута што се користат за плаќање во странство. Валути се парични единици, односно пари на некоја земја, како што е денарот на Р. Македонија.

## Буџет

Учевме и како да го пресметаме сопствениот семеен буџет. Научивме дека приходи се сите видови примања или добиени пари, а расходите се сите трошоци. Заедно направивме табела за пресметка на нашиот буџет.

Многу ќе ни недостигате, но ветуваме дека повторно ќе другаруваме идната учебна година. Имајте долго, топло и весело лето. И не заборавајте да штедите! Се гледаме повторно наесен!

